**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**Број _____________**
**___.02.2016 година**
**С К О П Ј Е**

Врз основа на член 31 став 2 точка 44 а во врска со точките 22-е и 22-ж од истиот член од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14 и 196/15), а согласно Правилникот за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка, односно по создавање на услови за вршење на теренски проверки, Државната изборна комисија, во соработка и со асистенција на IFES MACEDONIA, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на две ИТ Компании/експерти кои ќе ја извршат вкрстената проверка на базите на податоци на државните органи кои што располагаат со регистри на граѓани по различни основи**

Државната изборна комисија има потреба и ќе избере две ИТ компании/експерти, кои располагаат со искусен аналитичар на податоци кој ќе помага во процесот на проверка на избирачкиот список.

Потенцијалните компании / експерти, кои ќе ги достават своите понуди, треба да располагаат со докажана историја на успешно работење на проекти од голем размер во Македонија, и тоа особено проекти за управување со информации чие спроведување интензивно се следи од страна на јавноста.

Потенцијалните компании / експерти треба да располагаат со искуство во креирање системи кои вклучуваат строга заштита на податоци, тајност и политики за безбедност при управувањето со личните податоци на поединци.

Потенцијалните компании / експерти ќе предложат кандидати од својата компанија, во улога на виш аналитичар на податоци.

Во рамки на прегледот на доставените предлози, Државната изборна комисија ќе ги оценува кратките биографии на поединците кои се предложени од секоја од компаниите, како и портфолиото на самата компанија.

Ќе биде направен избор на фирма и кратка биографија на поединец со кои ќе биде склучен договор. Изборот на компанијата која ќе учествува во проектот ќе зависи од поединецот кој ќе биде избран од страна на Државната изборна комисија.

Избраните компании / експерти ќе склучат Договор за вршење на вкрстената проверка на базите на податоци со Државната изборна комисија и Договор за финансирање со IFES MACEDONIA.

**Опис на работниот ангажман за аналитичарот на податоци:**

Државната Изборна Комисија (во понатамошниот текст: ДИК) ќе ангажира искусен аналитичар на податоци кој ќе помогне во заложбите на ДИК за составување на прецизен и веродостоен избирачки список за изборите во 2016 година.

Аналитичарот на податоци ќе работи под водство на експертска група за ИТ која е назначена од страна на ДИК, како и со двајца искусни аналитичари со идентични задолженија.

Двајцата аналитичари на податоци и аналитичарот на податоци ангажиран од IFES MACEDONIA, ќе работат потполно независно еден од друг во однос на пребарувањата на податоци од изворните податоци обезбедени од страна на ДИК. Секоја од анализите ќе биде независна за да се потврди прецизноста и непристрасноста на податоците.

Аналитичарот на податоци ќе работи во просториите на ДИК во Скопје. Вишиот ИТ експерт/аналитичар на податоци се очекува да работи на дневна основа во текот на ангажманот и веројатно е дека ќе се бара подолготраен дневен ангажман во текот на оваа задача.

**Задолженија:**

Аналитичарот на податоци ќе работи со ДИК на следното:

- Развој и оптимизација на пребарувања во базата на податоци за да се споредат податоците од избирачкиот список со изворните податоци од други институции;
- Развој и оптимизација на пребарувања во базата на податоци кои ќе обезбедат интерна проверка на интегритетот на податоците и откривање на статистички нетипични вредности;
- Развој на процедури за нормализација на податоците и олеснување на споредбата;
- Следење на строги политики за заштита на податоци, безбедност и приватност;
- Обезбедување статистичка анализа на резултатите од анализираните податоци;
- Обезбедување извештаи, вклучувајќи и визуелизација на релевантните податоци како најдобра илустрација на наодите;
- Давање препораки за толкување на податоците;
- Достапност за консултации со ДИК.

**Вештини и искуство:**

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните квалификации:

- Најмалку петгодишно искуство во изработка на извештаи од анализа на податоци со комбинација на повеќе извори на податоци. Предност имаат кандидатите со искуство во работа на владини извори на податоци.
- Докажано напредно познавање на SQL и работа со складирани процедури.
- Претходно работно искуство со стандардни алатки за креирање извештаи во врска со бази на податоци.
- Искуство во генерирање општи статистички анализи.
- Искуство во вршење основни анализи на податоци и визуелизација на податоци.
- Работно искуство во средини со строги мерки за заштита на податоци.
- Завршени додипломски студии по компјутерски науки, информатичка технологија или сродна област или сличен степен на релевантно работно искуство.
- Докажана способност за работа во меѓународен контекст.

Јавниот повик трае 3 (три) дена, од денот на објавување на истиот.

Заинтересираните компании/експерти, краткото CV , доказите за завршено образование, работно искуство и документите за исполнување на условите од ставовите 2,3 и 4 од овој јавен повик, ги доставуваат во архивата на Државната изборна комисија, најдоцна до 5 февруари 2016 година, до 12:00 часот.

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**